Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-79 од 07.10.2019, поднесено од страна на Фондот за иновации и технолошки развој како давател на државна помош за доделување на планирана државна помош преку Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, на седницата одржана на 22.10.2019 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации со кој се планира финансиска поддршка со цел поттикнување на зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и приватниот сектор со високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации **претставува шема на државна помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1 и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош како **хоризонтална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е **помош за индустриско истражување** согласно член 3 став (3) , член 6 и член 14 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошен текст: „Фонд„), како давател на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на помош бр. 02-520/5 од 30.09.2019 година (во понатамошен текст:

„Известување„), со прилог копија од Правилникот за инструментот за поддршка –Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, донесен од страна на Управниот одбор на фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 11.02.2019 година, Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, донесен од страна на Управниот одбор на фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 26.02.2018 година и од Одлуката за давање на согласност на Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, донесена од Владата на Република Македонија, бр.44-11030/1-18 од 12.02.2019 година.

Со оглед на фактот дека поднесеното известување ги содржи потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010) како ден на прием на уредно известување се смета 07.10.2019.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: „КЗК„) во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување и прилог копијата од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Одлуката за давање на согласност на Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, донесена од Владата на Република Македонија, бр.44-11030/1-18 од 12.02.2019 година како и Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е: Фондот за иновации и технолошки развој**;
- **Корисници на државната помош се: мали и средни претпријатија и микропретпријатија**
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на кој се доделува помошта - Одлуката за давање на согласност на Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, донесена од Владата на Република Македонија, бр. 44-11030/1-18 од 12.02.2019 година како и Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации донесен од страна на Управниот одбор на фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 11.02.2019 година.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;

- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на доставеното Известување, КЗК го анализираше Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации (во понатамошен текст: „Правилник„) од аспект на тоа дали истиот ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми, при што КЗК утврди дека истиот **претставува државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош заради фактот што оваа мерка ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата наменети за комерцијализација на иновации се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Македонија и од Светска банка;
- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта ќе се доделува во форма на кофинансиран грант, на компетитивна основа по објавен јавен повик од страна на Фондот. За финансирање ќе се одобрат оние предлог проекти кои ги исполнуваат условите, а притоа ќе се има во предвид вкупниот буџет предвиден за конкретниот јавен повик. Исто така, селективноста се гледа и во тоа што разгледувањето на предлог проектите се одвива во две фази: фаза на предселекција и фаза на селекција. Фазата на предселекција се спроведува од страна на стручните лица за евалуација. Фазата на селекција се спроведува од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции кој ја донесува конечната одлука за финансирање преку овој инструмент. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека се доделува државна помош на избраните претпријатија за комерцијализација на иновации, а за кои во нормални пазарни услови претпријатијата би издвоиле средства од сопствени ресурси за покривање на трошоците;
- Мерката економска поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретни апликанти, кои што поволности овие апликанти нема да ги имаат во нормални пазарни и бизнис услови;
- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисниците се инволвирани во економска активност и дека оперираат на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретните апликанти.

КЗК, освен што утврди дека финансиската поддршка за комерцијализација на иновации  претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата поддршка која ќе се оствари преку Правилникот **претставува хоризонтална помош за индустриско истражување** согласно член член 3 став (3), член 6 и член 14 од Уредбата за условите и

постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) .

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува шема на помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи Правилникот претставува правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија" бр.03/14).

Вкупниот износ на помошта е 12.500.000 евра. Овој износ го опфаќа периодот до целосна исплата на корисниците на средства по јавниот повик за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации заклучно со декември 2022 година.

Фондот обезбедува финансиска поддршка за микро и мали претпријатија преку финансирање до 70% од вкупниот буџет на проектот, за средни претпријатија финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот и за приватни здравствени установи чиј просечен број на вработени е до 50 работници и чиј годишен приход во последните две години не надминува 2.000.000 евра во денарска противвредност финансирање до 70% од вкупниот буџет на проектот и за приватни здравствени установи чиј просечен број на вработени е до 250 работници и чиј годишен приход во последните две години не надминува 10.000.000 евра во денарска противвредност финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот.

Имено, како што е наведено во Правилникот, целта на инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и приватниот сектор и високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

Согласно Правилникот, инструментот е наменет за микро, мали и средни претпријатија и приватни здравствени установи кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие, установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност или приватна здравствена установа. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија и приватни здравствени установи регистрирани во Република Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија и приватни здравствени установи со висок потенцијал за раст. Поддршката, преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на

прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сé до предкомерцијална (пред-пазарна) фаза.

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој инструмент може да биде до 24 месеци. Фондот за иновации и технолошки развој, врз основа на оправдани околности може да одобри продолжувања на спроведувањето на проектот до два месеца.

Исто така, во Правилникот се наведени и критериумите за подобност кои треба да ги исполнува секој поединечен апликант, како и дека при доделувањето на помошта ќе се применуваат правилата наведени во член 6 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.03/14).

Фондот во Известувањето јасно наведува дека не постои можност помошта за која се поднесува Известувањето да се кумулира со помош која корисникот ја добива од други извори за надоместување на истите оправдани трошоци. Со ова се почитува член 4 став (2) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, односно помошта за истражување и развој и иновации не треба да се кумулира со помошта од мало значење во однос на истите оправдани трошоци со цел да се избегнат максималните интензитети на помош, утврдени во оваа уредба.

Од наведеното КЗК утврди дека планирано е доделувањето на помошта да се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.03/14), заради што доделувањето на истата **е дозволено.**

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**